KPMG

# Извештај за транспарентност за 2015 година

**КПМГ Македонија ДОО Скопје**

kpmg.com/mk

# Содржина

Кои сме ние ........................................................................................................ 4

Нашата структура и управување........................................................................................ 5

Систем за контрола на квалитет........................................................................................ 7

Финансиска информација ........................................................................................ 30

Надоместок за Партнерите информација за основата по која се утврдува хонорарот

на овластениот ревизор ........................................................................................ 31

Организација на мрежата ........................................................................................ 32

Изјава на Раководството на КПМГ Македонија ДОО Скопје за ефективноста на контролите за

квалитет и независност ........................................................................................ 34

Прилог 1 ........................................................................................................ 35

Прилог 2 ........................................................................................................ 36

Прилог 3 ........................................................................................................ 37

© 2016 КПМГ Македонија ДОО, македонско друштво со ограничена одговорност и фирма членка на КПМГ мрежата на независни фирми членки во асоцијација со КПМГ Интернешнал Кооператив („КПМГ Интернешнал“), швајцарско правно лице. Сите права се задржани

Задоволство ни е да ви го претставиме Извештајот за транспарентност на Друштво за ревизија КПМГ Македонија ДОО Скопје за годината што завршува на 31 декември 2015 година објавен во согласност со обврските од член 35 од Законот за ревизија.

Како дел од глобалната мрежа, ние ја прифаќаме одговорноста која ја имаме не само кон нашите клиенти, туку и кон пошироката јавност. Веродостојни финансиски информации се од суштинско значење за непреченото функционирање на пазарите на капитал и на економијата во целост, и нашата улога како ревизори е од витално значење за градење на доверба.

Во Извештајот за транспарентност, ја користиме можноста да ги презентираме чекорите кои КПМГ Македонија ги презема за почитување на нејзините професионални обврски. Ви ја презентираме структурата на фирмата, управување и пристап за контрола на квалитетот, и како ние ги применуваме меѓународните и локални професионални стандарди. Ние сме силно посветени на квалитет, етика и интегритет. Нашата заложба се заснова на вредностите и културата која поттикнува отворена и искрена комуникација во мрежата на КПМГ.

Овој извештај е еден од начините на кои можеме да обезбедиме информации за нашата постојана посветеност на квалитетот. Ве покануваме да ја разгледате нашата веб страница за да дознаете за другите аспекти на КПМГ Македонија кои би биле интересни за вас.

Сметаме дека Извештајот за транспарентност претставува извонредна можност за повратни информации од нашите клиенти и вашите ставови се добредојдени.

**Гордана Никушевска, Управител**
КПМГ Македонија ДОО Скопје

© 2016 КПМГ Македонија ДОО, македонско друштво со ограничена одговорност и фирма членка на КПМГ мрежата на независни фирми членки асоцирани со КПМГ Интернешнл Кооператив („КПМГ Интернешнл“), швајцарско правно лице. Сите права се задржани.

# Кои сме ние

Друштво за ревизија КПМГ Македонија ДОО Скопје („КПМГ Македонија" или „Друштвото") е друштво за професионални услуги од областа на ревизија и советодавни услуги. КПМГ Македонија е друштво специјализирано за ревизија и е член на Институтот на овластени ревизори на Република Македонија, регистрирано во регистарот на Друштва - Овластени ревизори под број 10.

Друштвото работи во Република Македонија преку својата канцеларија во Скопје.

Понатамошни поединости за нашите услуги кои ги нудиме може да најдете на нашата веб-страна на следниот линк: www.kpmg.com/mk.

Стратегијата на КПМГ Македонија е утврдена од страна на партнерите врз основа на четири приоритети: ние сме пазарно фокусирани, се водиме според актуелни прашања, поттикнати сме од оперативната совршеност и имаме култура на високи перформанси.

Преку овие приоритети, нашата заедничка амбиција е да бидеме јасен избор. Ова подразбира да бидеме број еден фирма за мултидисциплинарни професионални услуги во Македонија и да обезбедуваме квалитетни услуги на сите наши клиенти, поставувајќи го квалитетот на централно место во нашата агенда. Како организација ние силно веруваме дека да се биде најдобра фирма со која ќе се работи значи повеќе работа, и развој и задржување на најдобрите луѓе.

© 2016 КПМГ Македонија ДОО, македонско друштво со ограничена одговорност и фирма членка на КПМГ мрежата на независни фирми-членки во асоцијација со КПМГ Интернешнал Кооператив („КПМГ Интернешнал"), швајцарско правно лице. Сите права се задржани.

# Нашата структура и управување

**Правна структура**

КПМГ Македонија е друштво со ограничена одговорност, основано на 08 ноември 1995 година согласно Законот за трговските друштва на Република Македонија. КПМГ Македонија е друштво регистрирано за вршење на дејноста ревизија и за други дејности од внатрешниот и надворешниот промет и поседува соодветна Лиценца за работа за вршење на работи на ревизија број 07-334/1 од 12 јули 2013 година и Регистарски број на лиценца 13 издадена од страна на Совет за унапредување и надзор на ревизијата. КПМГ Македонија ДОО Скопје е регистрирано во Трговскиот регистар на Република Македонија под ЕМБС 5078598, со регистрирано седиште на адреса ул. Филип Втори Македонски бр. 3, 7-ми кат, Соравиа Центар Скопје,1000 Скопје, Република Македонија.

Сопственичката структура на Друштвото, неговите органи на управување и сите други околности кои се предмет на упис во согласност со законот се регистрирани и се јавно достапни во Трговскиот регистар.

Во моментот, сопственичката структура е следната:

Гордана Никушевска, овластен ревизор, сопственик на 26% удел во Друштвото во износ од 3.604 евра;

Срѓан Ранѓеловиќ, овластен ревизор, сопственик на 25% удел во Друштвото во износ од 3.465 евра; и

КПМГ ЦЕЕ Холдингс лимитед, со седиште на ул. Есперидон бр. 12, 4ти кат, 1087 Никозија, Кипар, сопственик на 49% удел во друштвото во износ од 6.791 евра.

Висината на основната главнина на Друштвото изнесува 13,860 евра.

Бројот на вработените на неопределено време во Друштвото на 31 декември 2015 година изнесуваше 37 лица од кои:

- 34 вработени на неопределено полно работно време; и
- 3 вработени на неопределено скратено работно време.

Бројот на вработените на неопределено полно и скратено работно време во Друштвото заклучно со 31 март 2016 година остана ист во споредба со податокот од 31 декември 2015 година.

Приоритетната дејност/главна приходна шифра на Друштвото претставува: 69.20 Сметководствени, книговодствени и ревизорски работи; даночно советување.

КПМГ Македонија има годишно осигурување од одговорност засновано со Полиса бр.130400000071/00 која го покрива периодот на осигурување од 01.06.2015 - 01.06.2016 година и кое го исполнува минималниот услов за сума на покриеност по настан од 400.000 евра (приближно 24.600.000 денари).

© 2016 КПМГ Македонија ДОО, македонско друштво со ограничена одговорност и фирма-членка на КПМГ мрежата на независни фирми-членки поврзани со КПМГ Интернешнал Кооператив ("КПМГ Интернешнал"), швајцарско правно лице. Сите права се задржани.

KPMG

КПМГ Македонија е асоцирано со КПМГ Интернешнл Кооператив (КПМГ Интернешнл), швајцарско правно лице, основано според Швајцарскиот закон. КПМГ Интернешнл не обезбедува услуги за клиенти. Понатамошни детали во врска со КПМГ Интернешнл и неговата дејност, вклучувајќи го нашиот однос со него, се достапни во прилогот на Извештајот за транспарентност на КПМГ Интернешнл за 2015 година.

## Назив и сопственост

„KPMG" е регистриран заштитен знак на КПМГ Интернешнл и е назив со кој фирмите-членки на КПМГ, вклучително и КПМГ Македонија се општо познати. Правата на фирмите-членки да го користат името и знаците на KPMG се содржани во договорите со КПМГ Интернешнл.

Фирмите членки се посебни правни ентитети кои се управувани во согласност со законите и професионалните правила на односната земја.

Секоја фирма-членка е одговорна за своите сопствени обврски. КПМГ Интернешнл и другите фирми-членки не се одговорни за обврските на фирмата-членка.

## Управување

Ние применуваме високи стандарди на управување.

Клучни управувачки и раководни органи на КПМГ Македонија се собирот на содружници и управителите.

Собирот на содружници и управителите се одговорни за утврдување на политиката развивајќи бизнис план во рамките на целокупната стратегија на КПМГ Интернешнл, заедно со неговата последователна имплементација.

Управувачката структура на Друштвото е следна:

- Гордана Никушевска, овластен ревизор и
- Срѓан Ранѓеловиќ, овластен ревизор

Двајцата управители раководат и го претставуваат Друштвото самостојно.

© 2016 КПМГ Македонија ДОО ... Сите права се задржани.

KPMG

# Систем за контрола на квалитет

Обемен и конзистентен систем на контрола на квалитетот е суштински услов за вршење на услуги со висок квалитет.

Според тоа, КПМГ Интернешнл има политики за контрола на квалитет кои се применуваат на сите фирми-членки. Овие политики и поврзани процедури се дизајнирани да ги упатат фирмите-членки кон усогласување со релевантните професионални стандарди, регулаторни и правни барања и издавање на извештаи кои се соодветни во дадените околности.

Овие политики се засновани на Меѓународниот Стандард за Контрола на Квалитет 1 („ISQC 1") објавен од страна на Меѓународниот Одбор за Стандарди за Ревизија и Уверување („IAASB"), и Кодексот на Етика за Професионални Сметководители објавен од страна на Меѓународниот Одбор за Етички Стандарди за Сметководители („IESBA"). И двата документи се важечки за друштвата кои вршат законска ревизија и други ангажмани за уверување и поврзани ангажмани

КПМГ Македонија ги имплементира политиките и процедурите на КПМГ Интернешнл и усвојува дополнителни системи за контрола на квалитетот за својата практика за ревизија кои се дизајнирани да одговорат на правилата и стандардите издадени од страна на Институтот на овластени ревизори на РМ и други релевантни регулаторни тела, како и важечките законски и други барања. Со интегрирањето на клучните политики и процедури, овој систем исто така го олеснува усогласувањето со релевантните правила и прописи на Институт на овластените ревизори во РМ.и Советот за унапредување и надзор на ревизијата

Политиките на КПМГ Интернешнл одразуваат елементи на индивидуална контрола на квалитетот за да им помогнат на нашите вработени да дејствуваат со интегритет и објективност, да ја вршат својата работа со внимание, и да се усогласат со важечките закони, прописи и професионални стандарди.

Контролата на квалитетот и управувањето со ризикот се одговорност на сите вработени во КПМГ. Оваа одговорност ја вклучува потребата да ги разберат и да се придржуваат до политиките и поврзаните процедури на фирмите-членки при извршување на нивните секојдневни активности.

Додека голем број процеси на контрола на квалитетот на КПМГ се применуваат во сите сектори и се однесуваат подеднакво и на даночната и советодавна работа, остатокот од оваа секција се фокусира на објаснувањето за она што ние го правиме, за да овозможиме извршување на квалитетни ревизии. Во овој дел затоа ние се фокусираме на нашиот систем за контрола на квалитет на ревизијата.

Во КПМГ, квалитетот на ревизијата не е само за постигнување на вистинското мнение, туку начинот на кој стигнуваме до тоа мнение. Станува збор

© 2016 КПМГ Македонија ДООЕЛ, македонско друштво со ограничена одговорност и фирма-членка на КПМГ мрежата на независни фирми-членки кои се асоцирани со КПМГ Интернешнл Кооператива („КПМГ Интернешнл"), швајцарско правно лице. Сите права се задржани.

KPMG

за процеси, размислување и интегритетот зад извештајот на независниот ревизор. КПМГ гледа на исходот на квалитетна ревизија како издавање на соодветно и независно мнение во согласност со стандардите за ревизија. Ова значи, пред сè, да се биде независен и во согласност со релевантните законски и професионални барања.

За да им помогнеме на сите професионалци во ревизијата да се концентрираат на основните вештини и однесување, потребни за издавање на соодветно и независно мнение, ние ја развивме нашата глобална Рамка за Квалитет на Ревизија. Нашата Рамка претставува заеднички јазик кој се користи од страна на сите фирми-членки на КПМГ, за да се опише она за што ние веруваме дека дава поттик за квалитетот на ревизијата, како и да се потенцира дека секој професионалец во ревизијата во КПМГ придонесува во испораката на квалитет на ревизијата.

## Рамка за квалитет на ревизија

Рамката за Квалитет на Ревизија идентификува седум двигатели за квалитет на ревизијата:

1. Став на врвот
2. Асоцијација со клиенти
3. Јасни стандарди и обемни алатки за ревизија
4. Вработување, развој и распоредување на соодветно квалификувани професионалци
5. Заложба за техничка беспрекорност и квалитет на услугите
6. Извршување на ефективни и ефикасни ревизии
7. Заложба за континуирано усовршување.

Ставот на врвот го претставува јадрото на седумте двигатели на Рамката за Квалитет на Ревизија и помага да бидеме сигурни дека вистинското однесување е проткаено низ целата наша мрежа.

Сите останати двигатели се презентирани во круг, бидејќи секој од нив има за цел да ги зајакне останатите. Секој од седумте клучни двигатели на нашиот систем за контрола на квалитет е подетално опишан во следните делови на овој извештај.

## Став на врвот – основата на квалитет на ревизија




Став на врвот е термин кој се користи да се опише општата етичка клима на организацијата, како што е утврдена од страна на нејзиното раководство. КПМГ и нејзиното раководство го употребува "ставот на врвот" за да ја покаже својата посветеност на квалитет, етика и интегритет.

### Фокусот на КПМГ на квалитет

Ставот на врвот на КПМГ става јасен фокус на квалитетот преку:

- Култура, вредности и кодекс на однесување – јасно наведени и демонстрирани во начинот на кој работиме
- Фокусирана и добро артикулирана стратегија –

[illegible]

вклучување на квалитет на сите нивоа

- Стандарди поставени од страна на раководството
- Структура на раководење и јасни линии на одговорност за квалитет – квалификувани и искусни луѓе на вистинските позиции да влијаат врз агендата за квалитет.

Интегритетот е критична карактеристика што заинтересираните страни ја очекуваат и се потпираат на неа. Тоа е исто така клучна Основна Вредност на КПМГ – "Пред се, ние дејствуваме со интегритет".

Оваа посветеност лежи во основата на нашата култура на усогласеност базирана на вредности, каде што поединци се охрабруваат да ја изразат својата загриженост кога забележуваат однесување или активности кои се неконзистентни со нашите вредности или професионални одговорности.

Нашиот Кодекс на Однесување ги вклучува нашите основни вредности и се однесува на заложбите кои ги правиме, како и на одговорностите на нашите вработени на сите нивоа во друштвото.

Меѓународната итна линија на КПМГ Интернешнл е достапна за вработените на КПМГ, клиентите, како и за други страни, кои доверливо можат да ја искажат својата загриженост во врска со одредени области на активност од страна на самото КПМГ Интернешнл, оние кои работат за КПМГ Интернешнл, или повисокото раководство на фирма-членка на КПМГ.

Додека нагласуваме дека сите професионалци се одговорни за квалитет и управување со ризик, следните поединци имаат лидерски одговорности во поглед на системот за внатрешна контрола на квалитет.

Раководен Партнер на Балканскиот Кластер

Во согласност со принципите во ISQC1, нашиот Раководен Партнер ја презема одговорноста за системот за контрола на квалитет на КПМГ Македонија во рамки на Балканскиот Кластер.

Партнер за Квалитет и Управување со ризик

Оперативната одговорност за системот за контрола на квалитет, управување со ризик и усогласеност во КПМГ Македонија, е делегирана на Партнерот за квалитет и управување со ризик на ниво на Балканскиот Кластер. Тој е одговорен за поставување на севкупни политики за професионално управување со ризик и контрола на квалитет и мониторинг на усогласеноста на Друштвото. Таа има директна линија на известување на Раководниот Партнер. Сениорската поставеност на линиите за известување ја подвлекува важноста која Друштвото ја посветува на прашањата од областа на ризик и квалитет. Партнерот за квалитет и управување со ризик е поддржан од централен тим за квалитет и управување со ризик и од тим на партнери и професионалци во секој од секторите.

Оддели за Ревизија, Даночни и Советодавни услуги – Раководители на Оддели

Раководителите на одделите за услуги на клиенти (Ревизија, Даночни услуги, Советодавни услуги) се одговорни пред постариот партнер за квалитетот на услугите испорачани во нивните оддели. Тие го утврдуваат функционирањето на процедурите за управување со ризик, обезбедување на квалитетот и мониторинг за нивните специфични оддели во рамката поставена од страна на Партнерот за квалитет и управување со ризик. Овие процедури појаснуваат дека на ниво на ангажман, управувањето со ризик и контрола на квалитет е одговорност на сите професионалци.

## Асоцијација со клиенти

Ригорозните политики и процедури за прифаќање и продолжување на соработка со клиенти и ангажмани се од витално значење за нашата способност да

© 2016 КПМГ Македонија ДООЕЛ, македонско друштво со ограничена одговорност и фирма-членка на КПМГ мрежата на независни фирми-членки се асоцирани со КПМГ Интернешнл Кооператива ("КПМГ Интернешнл"), швајцарско правно лице. Сите права се задржани.

обезбедиме висококвалитетни професионални услуги и да го заштитиме угледот на КПМГ Македонија и да го поддржиме неговиот бренд.

Соодветно на тоа, КПМГ Интернешнл има воспоставено политики и процедури кои ги имплементираа сите фирми-членки со цел да се одлучи дали да се прифати или продолжи соработката со клиентот и дали да се изврши одреден ангажман за тој клиент.

**Процес на евалуација на потенцијални клиенти и ангажмани**

Пред прифаќање на клиентот, ние спроведуваме евалуација на потенцијалниот клиент. Ова вклучува оценка на раководството, бизнисот, како и други прашања поврзани со услугата. Ова исто така вклучува позадински проверки на потенцијалниот клиент, неговиот клучен менаџмент и сопственици. Клучен фокус се става на интегритетот на менаџментот на потенцијалниот клиент и при евалуацијата се земаат во предвид фактори како што се евентуалното кршење на законите и прописите, мито и корупција и човекови права. Втор партнер, како и партнерот кој ја врши евалуацијата го одобруваат оценувањето на потенцијалниот клиент. Каде што клиентот се смета за "високо ризичен", Партнерот за квалитет и управување со ризик е вклучен во одобрување на оценката.

Партнерот на потенцијалниот ангажман го евалуира секој потенцијален ангажман. Евалуацијата ги идентификува потенцијалните ризици поврзани со ангажманот. Како дел од оваа оценка се земаат во предвид повеќе фактори, вклучувајќи ги и потенцијалните прашања за независност и конфликт на интереси (со користење Sentinel™ нашиот глобален систем за проверка на конфликти и независност), како и голем број на фактори специфични за видот на ангажманот, вклучително за ревизорски услуги и компетентноста на финансискиот менаџерски тим на клиентот и вештините и искуството на персоналот назначен на ангажманот. Евалуацијата се врши во консултација со останатиот поискусен персонал и вклучува проверка од страна на раководството за квалитет и управување со ризик како што е побарано.

Онаму каде ревизорските услуги треба да бидат обезбедени за прв пат, потенцијалниот ангажиран тим треба да спроведе дополнителни процедури за оценка на независност, вклучувајќи и преглед на сите неревизорски услуги за клиентот, како и други релевантни односи.

Сите потенцијални прашања за независност или конфликт на интереси се документираат и се решаваат пред прифаќањето на ангажманот.

Во зависност од вкупната проценка на ризик на потенцијалниот клиент или ангажман, може да се воведат дополнителни заштитни мерки за да се намалат идентификуваните ризици.

Ние ќе одбиеме потенцијален клиент или ангажман доколку некое потенцијално прашање за независност или конфликт не може да се реши на задоволителен начин во согласност со професионалните стандарди и стандардите на Друштвото, или ако постојат други ризици кои не можат соодветно да се намалат.

Деловите Неревизорски услуги и Конфликт на интереси дава повеќе информации за нашите политики за проверка на независност и конфликти.

**Процес на продолжување**

Се спроведува годишна ре-евалуација на сите ревизорски клиенти и ангажмани на ревизија. Покрај тоа, клиентите се ре-евалуираат порано доколку постои индикација дека може да има промена во нивниот профил на ризичност. Периодичните или

© 2016 КПМГ Македонија ДООЕЛ [illegible] КПМГ Интернешнл Кооператив [illegible] Сите права се задржани.

долготрајни ангажмани се исто така предмет на ре-евалуација.

Овој процес на ре-евалуација служи за две цели. Прво, ние ќе одбиеме да продолжиме да дејствуваме за било кој клиент, доколку не сме во можност да испорачаме услуга на нашето очекувано ниво на квалитет или ако сметаме дека не би било соодветно да продолжиме да бидеме во деловен однос со клиентот. Повообичаено, ние користиме ре-евалуација за да разгледаме дали треба да се спроведат дополнителни процедури за управување со ризик или контрола на квалитетот за следниот ангажман (ова го вклучува распоредувањето на професионалци или потребата да се вклучат дополнителни специјалисти во ревизијата).

### Менџмент на портфолио на клиент

За секој ангажман се именуваат Партнери на ангажмани и овластени ревизори кои имаат соодветна надлежност, способности, време и овластувања да ја вршат улогата.

Каде што е потребно, политиките и процедурите опишани во овој извештај применливи за партнерите на ангажман за ревизија, подеднакво се однесуваат на клучните ревизори како што е дефинирано во Законот за независна финансиска ревизија.

## Јасни стандарди и обемни алатки за ревизија

Професионална пракса, управување со ризик и контрола на квалитетот се одговорностите на секој КПМГ професионалец. Од нашите професионалци се очекува да се придржуваат до јасните политики и процедури (вклучувајќи политики на независност), кои ги поставуваме. Ние обезбедуваме голем број на алатки за да им помогнеме во исполнувањето на овие очекувања. Политиките и процедурите кои ги поставуваме за ревизија ги вклучуваат соодветните барања на стандардите за сметководство, ревизија, етика и контрола на квалитетот, како и други релевантни закони и прописи.

### Методологија и алатки за ревизија

Значајни ресурси се посветени на одржување на нашите стандарди и алатки, со цел да бидат комплетни и актуелни. Нашата глобална методологија за ревизија, развиена од страна на Глобалниот центар за услуги („ГЦУ"), се заснова на барањата на Меѓународните стандарди за ревизија („МСР"). Методологијата е утврдена во Прирачникот за ревизија на КПМГ („КАМ") на КПМГ Интернешнл и вклучува дополнителни барања кои ги надминуваат барањата на МСР и за кои КПМГ верува дека го зголемуваат квалитетот на нашите ревизии. Доколку е потребно, фирмите членки на КПМГ можат да додадат локални барања и/или насоки кон КАМ за да се усогласат со дополнителни професионални, законски или регулаторни барања.

Нашата методологија за ревизија е поддржана од eAudIT, електронска алатка за ревизија на КПМГ Интернешнл, која на ревизорите ширум светот им ја обезбедува методологијата, упатствата и знаењето за индустријата, потребни за вршење на ефикасни високо-квалитетни ревизии.

eAudIT им обезбедува на тимовите готов пристап до релевантните информации во вистинско време во текот на ревизијата, а со тоа и подобрување на ефективноста и ефикасноста и додавање на вредност на нашите заинтересирани страни. Клучните активности во рамки на eAudIT се:

Поставување на ангажман

- Вршење на прифаќање и одредување на обемот на ангажманот
- Одредување на тимот и распоред.

© 2016 КПМГ Македонија ДОО, македонско друштво со ограничена одговорност и фирма-членка на КПМГ мрежата на независни фирми-членки поврзани со КПМГ Интернешнл Кооператив („КПМГ Интернешнл"), швајцарско правно лице. Сите права се задржани.

KPMG

Проценка на ризик

- Разбирање на ентитетот
- Идентификување и проценка на ризици
- План за вклучување на специјалисти од КПМГ и надворешни експерти, внатрешна ревизија, услужни организации и други ревизори, како што е потребно
- Оценка на дизајнот и имплементација на релевантни контроли
- Спроведување на дискусија за оценка на ризик и планирање
- Одредување на стратегија за ревизија и планиран пристап на ревизија.

Тестирање

- Тестирање на оперативната ефикасност на селектираните контроли
- Планирање и извршување на суштински процедури.

Завршување

- Ажурирање на проценка на ризик
- Извршување на процедури за завршување, вклучително севкупен преглед на финансиските извештаи
- Извршување на севкупна оценка, вклучително оценка на значајните наоди и прашања
- Комуникација со одговорните за управување (на пр. одбор за ревизија) и
- Формирање на мнение на ревизорот.

КАМ, меѓу другото, содржи процедури наменети за идентификување и проценка на ризикот од материјално погрешно прикажување и процедури за да се одговори на овие проценети ризици. Нашата методологија ги охрабрува тимовите на ангажмани да практикуваат професионален скептицизам во сите аспекти на планирање и извршување на ревизијата. Методологијата охрабрува користење на специјалисти кога е соодветно, и исто така бара вклучување на релевантни специјалисти во јадрото на тимот на ангажманот за ревизија кога се исполнети одредени критериуми.

КАМ вклучува имплементација на постапки за контрола на квалитет на ниво на ангажман кои ни обезбедуваат разумно уверување дека нашите ангажмани се во согласност со релевантните професионални, правни и регулаторни барања на КПМГ.

Политиките и постапките утврдени во КАМ се специфични за ревизиите и ги надополнуваат политиките и процедурите утврдени во Глобалниот прирачник за квалитет и управување со ризик (GQ & RMM), кој е применлив за сите членки фирми на КПМГ, оддели и персонал.

**Независност, интегритет, етика и објективност**

Преглед

Од фирмите-членки и професионалците во КПМГ се бара да ги исполнат стандардите за независност, кои ги исполнуваат или надминуваат оние стандарди утврдени во IESBA Кодексот на етика заедно со стандардите од другите применливи регулаторни тела (кои може да вклучуваат и такви од странска јурисдикција кои се применуваат на меѓународно ниво).

За да се осигура етичко однесување, вклучувајќи интегритет и независност, КПМГ бара секоја фирма членка и нејзиниот персонал, да не бидат вклучени во забранети финансиски интереси во и со клиентите на ревизија во целата мрежа, нивното раководство, директори и значајни сопственици.

КПМГ Македонија има назначено Партнер за етика и независност („ПЕН“) соодветно поддржан од

© [illegible] КПМГ Македонија ДОО [illegible] Сите права се задржани.

KPMG

страна на специјалисти со цел да се осигура дека ние имплементираме обемни и конзистентни политики и процедури за независност. Политиките за етика и независност се поставени на нашата интерна веб страна која ги содржи сите наши политики за независност, и истите се поткрепени преку годишни програми за обука. Измени и дополнувања на политиките за етика и независност во текот на годината се спроведуваат преку известувања по е-меил и се вклучени во редовните комуникации за квалитет и ризик.

Овие политики и процеси покриваат области како што се лична независност, финансиска независност на друштвото, деловни односи, односи после вработување, ротација на партнер и одобрување на ревизорски и неревизорски услуги.

Проверки за независност на потенцијални ревизорски ангажмани

КПМГ следи специфични постапки за да се идентификуваат и да се оценат заканите по независноста во врска со потенцијалните клиенти за ревизија кои се субјекти од јавен интерес. Овие постапки, исто така познати како "процес на одобрување за независност", се завршуваат пред да се прифати ангажманот за ревизија на овие субјекти.

Алатката "Контрола на независноста на КПМГ" беше воведена во октомври 2015 година за да се автоматизираат и стандардизираат сите работни процеси кои го сочинуваат процесот на добивање одобрение за независност. Ова е поради тоа што се очекува зголемување на бројот на фирми членки кои ќе учествуваат на тендери за ревизија и бројот на одобренија за независност кои треба да бидат завршени, како резултат на задолжителната ротација на фирмата за законските ревизии во одредени делови на светот.

Лична независност

Политиката на КПМГ Интернешнл ги проширува ограничувањата на Кодексот на Етика на IESBA за сопственоста на хартии од вредност издадени од клиентот за ревизија врз партнерите на секоја фирма-членка во однос на секој клиент за ревизија на секоја фирма-членка.

Нашите професионалци се одговорни за вршење на соодветни проверки за да се осигураат дека немаат никакви лични финансиски, бизнис или семејни интереси, кои се ограничени за цели на независност. Заедно со другите фирми-членки на КПМГ Интернешнл, ние користиме веб-базиран систем за следење на независност, за да им помогнеме на нашите професионалци во нивната усогласеност со политиките за независност на лични инвестиции. Овој систем содржи попис на јавно достапни инвестициски производи. Од партнерите и менаџерите кои контактираат со клиентите се бара да го користат овој систем пред да влезат во инвестиција за да се утврди дали тие се во можност да го сторат тоа. Од нив исто така се бара да водат евиденција во системот за сите нивни инвестиции, кој автоматски ги известува доколку нивните инвестиции последователно станат ограничени. Ние ја следиме усогласеноста на партнерот и менаџерот со ова барање како дел од нашата програма за ревизии за усогласеност со независност на случајно избрани професионалци.

Од секој професионалец кој дава услуги на клиент за ревизија исто така се бара да го извести Партнерот за етика и независност доколку таа или тој има намера да влезе во преговори за вработување со тој клиент за ревизија.

Финансиска независност на Друштвото

КПМГ Македонија води евиденција за своите инвестиции, доколку ги има (на пример направени

© 2016 КПМГ Македонија ДОО, македонско друштво со ограничена одговорност и фирма-членка на КПМГ мрежата на независни фирми-членки асоцирани со КПМГ Интернешнл Кооператив ("КПМГ Интернешнл"), швајцарско правно лице. Сите права се задржани.

преку пензиски планови и финансиски активности) преку веб-базиран систем за следење на независност. Оваа евиденција се следи преку нашиот процес на усогласеност.

Деловни односи/добавувачи

Нашето Друштво има политики и процедури кои се дизајнирани за да се осигура дека бизнис односите се одржуваат во согласност со Кодексот на Етика на IESBA и барањата на Институтот на овластени ревизори на Република Македонија. Усогласеноста со овие политики и процедури се ревидира периодично.

Обука за независност и изјави

Ние им обезбедуваме на сите релевантни вработени годишна обука за независност соодветна на нивниот степен и функција и на сите нови кадри соодветна обука кога тие се придружуваат во Друштвото. Потоа, од сите вработени се бара да дадат изјава за независност при приклучувањето на Друштвото. Потоа, од професионалците се бара да дадат годишна изјава дека тие останале во согласност со важечките политики за етика и независност во текот на периодот. Оваа изјава се користи како доказ за усогласеноста на поединецот и за разбирањето на нашите политики за независност.

Ротација на партнер задолжен за ревизија

Партнерите и овластените ревизори се предмет на периодична ротација на нивните одговорности за одредени клиенти на ревизија согласно важечките закони и прописи и правила за независност. Ова го ограничува бројот на години во кои партнерите и овластените ревизори во специфични улоги може да обезбедат ревизорски услуги на еден таков клиент за ревизија. Политиките за ротација на КПМГ Интернешнл се во согласност со Кодексот на Етика на IESBA и барањата на Законот за ревизија и налагаат нашето Друштво да се придржува кон било кои построги применливи барања за ротација.

Ние ја следиме ротацијата на партнери и овластени ревизори (и на сите други клучни улоги каде се бара ротација) и имаме транзициони планови кои ни овозможуваат да поставиме професионалци со неопходни компетенции и способности за да испорачаат постојан квалитет на услугите на клиентите. Следењето на ротацијата е предмет на проверка за усогласеност.

Неревизорски услуги

Ние имаме политики во однос на обемот на услуги кои можат да се обезбедат на клиенти за ревизија, а кои се во согласност и со принципите на IESBA и со Македонскиот Закон за ревизија и други рестриктивни правила за независност применливи за соодветниот клиент. Покрај тоа, политиките на КПМГ бараат водечкиот партнер на ангажманот да ги оцени заканите кои произлегуваат од обезбедувањето на неревизорски услуги и заштитните мерки кои се на располагање за решавање на овие закани.

Сопствениот систем Sentinel™ на КПМГ Интернешнл, ја олеснува усогласеноста со овие политики. Од водечките партнери на ангажманот се бара во системот да ја водат структурата на групата за јавно тргувани како и за останатите клиенти за ревизија и нивните подружници. Секој ангажман евидентиран од страна на било која фирма-членка на КПМГ во нашата мрежа, треба да биде вклучен во системот пред почетокот на ангажманот. Системот им овозможува на водечките партнери на ревизијата за ентитетите за кои се водат групни структури да ја разгледаат и одобрат, или одбијат предложената услуга за овие ентитети низ целиот свет.

Во согласност со важечките правила за независност на ревизорот, никој од нашите партнери за ревизија не добива никаков надоместок за неговиот успех во продажба на неревизорски услуги на своите клиенти за ревизија.

© 2016 КПМГ Македонија ДОО [illegible]

Зависност на надоместокот

Политиките на КПМГ Интернешнл признаваат дека закани од личен интерес или заплашување можат да се појават кога вкупниот надомест од клиентот за ревизија претставува голем дел од вкупните надоместоци на Друштвото кое го дава ревизорското мнение. Конкретно, политиките на КПМГ Интернешнл бараат во случај кога вкупните надоместоци од клиент за ревизија, кој е субјект од јавен интерес и од неговите поврзани субјекти, претставуваат повеќе од 10% од вкупните надоместоци на одредена фирма-членка во текот на две последователни години, постар партнер од друго Друштво да биде назначен за контрола на квалитетот на ангажманот. Исто така, ова ќе биде обелоденето и на раководството на клиентот за ревизија.

Во текот на последните две години, нема клиент за ревизија чиј надоместок изнесува повеќе од 10% од вкупните надоместоци примени од страна на нашето Друштво.

Конфликт на интереси

Постоењето на конфликт на интереси може да го спречи нашето Друштво од прифаќање или продолжување на некој ангажман. Sentinel™ системот исто така се користи за да се идентификуваат и управуваат потенцијалните конфликти на интереси во и меѓу фирмите-членки. Сите идентификувани потенцијални конфликтни прашања, се решаваат во консултација со други страни, а исходот се документира. Постапка на ескалација постои во случај на спор меѓу фирмите-членки. Ако потенцијалното конфликтно прашање не може да се реши, ангажманот се одбива или прекинува.

Може да биде неопходно да се применат посебни процедури за управување со потенцијалното појавување или воочување на конфликт на интереси, за да се задржи доверливоста на клиентот. Таквите постапки може, на пример, да вклучуваат воспоставување на формални разграничувања меѓу тимовите ангажирани на различни клиенти и воспоставување на процедури за следење на оперативноста на таквите разграничувања.

Нарушување на политиката на независност

Во случај на неисполнување на политиките на независност на фирмата, без разлика дали е идентификуван во прегледот за усогласеност, пријавен од самото лице или на друг начин, професионалците се предмет на дисциплинска политика за независност. Прашањата кои произлегуваат се земаат во предвид и во одлуките за унапредување и наградување, а во случај на лидери и менаџери на ангажмани, се рефлектираат во нивните индивидуални параметри во поглед на квалитет и ризик. Дисциплинската политика е доставена до сите професионалци и важи за сите нарушувања на правилата за независност, вклучувајќи соодветни санкции, кои ја одразуваат сериозноста на нарушувањата. Секое прекршување на прописите за независност на ревизорот се известува до одговорните за клиентот на ревизија, врз основа договорена со нив.

Усогласеност со закони, регулативи и спречување корупција

Усогласеноста со закони, регулативи и стандарди е клучен аспект за целиот персонал на КПМГ.

Ние забрануваме инволвираност во било каков вид на поткуп - дури и ако таквото однесување е законско или дозволено според важечките закони или локалната практика. Ние исто така, не толерираме поткуп од страна на трети страни, вклучително и од страна на нашите клиенти, добавувачи или јавни службеници.

© 2016 КПМГ Македонија ДОО, македонско друштво со ограничена одговорност и фирма-членка на КПМГ мрежата на независни фирми-членки во асоцијација со КПМГ Интернешнл Кооператив ("КПМГ Интернешнл"), швајцарско правно лице. Сите права се задржани.

Според тоа, обуката за усогласеност со законите (вклучувајќи ги и оние во врска со спречување корупција), регулативите, професионалните стандарди и Кодексот на однесување на КПМГ, се бара да биде завршена од страна на професионалците кои се среќаваат со клиентите најмалку еднаш на секои две години, при што новите вработени треба да ја завршат таквата обука во тек на три месеци од приклучувањето на Друштвото. Покрај тоа, некои вработени кои не се среќаваат со клиенти но работат во финансии, набавки или одделите за продажба и маркетинг и кои се на менаџерско или повисоко ниво, исто така треба да учествуваат во обуката за спречување корупција.

Дополнителни информации за КПМГ и спречување на мито и корупција може да се најде на веб страната за спречување на мито и корупција.

## Вработување, развој и распоредување на соодветно квалификуван персонал

Еден од клучните двигатели за квалитет е распоредувањето на професионалци со вештини и искуство соодветни на ентитетот кој е предмет на ревизија. Ова бара фокус на вработување, развој, унапредување и задржување на нашиот персонал и развој на опсежен процес на управување со капацитети и ресурси. Ние ги следиме случаите на инциденти со квалитетот за целите на назначување партнери а исто така и за целите на оценка, унапредување и наградување на партнери.

Ние се стремиме да бидеме избраниот работодавач преку создавање на средина каде што нашите луѓе можат да го исполнат својот потенцијал што доведува до гордост и мотивација.

Ние се фокусираме на развој на ефикасноста, обука и менторство, наградување и признанија, флексибилни бенефиции, видливо лидерство, и отворена и искрена комуникација на вработените.

Ние тежнееме да создадеме култура на учење, соработка и вклученост, сето ова поткрепено со заеднички поставени вредности и заедничка цел.

### Вработување

Сите кандидати за професионални позиции поднесуваат апликација и се вработуваат по спроведување на  разновидни процеси на селекција, кои можат да вклучат разгледување и селекција на апликациите, интервјуа базирани на компетентност, психометриски и тестови за способност и проверки на квалификациите / препораките.

По приклучувањето кон КПМГ Македонија, новите вработени треба да учествуваат во сеопфатна воведна програма, која вклучува обука во областите како што се етика и независност. Ова исто така значи дека сите прашања за независност или конфликт на интереси се разгледани кога поединецот може да започне како Партнер или вработен во Друштвото. Низ нашите фирми-членки ние редовно сме признати како етаблиран и реномиран работодавач. Ова е одраз на нашето присуство на пазарот за вработување и на кандидати почетници во кариерата и на искусни кандидати.

### Личен развој

Важно е сите професионалци да ги имаат потребните бизнис и лидерски вештини за да бидат во можност да извршат квалитетна работа како дополнување на техничките вештини (види дел Професионална обука).

Во врска со ревизијата, ние обезбедуваме можности за професионалците да ги развијат вештините, однесувањето и личните квалитети кои ја формираат основата на успешна кариера во ревизија. Достапни се курсеви за подобрување на личната ефикасност и развивање технички, лидерски и бизнис вештини. Ние понатаму ги развиваме нашите вработени за високи перформанси преку обука и менторство на

© 2016 КПМГ Македонија ДОО, македонско друштво со ограничена одговорност и фирма-членка на КПМГ мрежата на независни фирми-членки во асоцијација со КПМГ Интернешнал Кооператива ("КПМГ Интернешнал"), швајцарско правно лице. Сите права се задржани.

работа, проширување на задачите и можности за ротација на земји и глобална мобилност.

**Евалуација, надоместок и унапредување**

Сите професионалци, вклучувајќи ги и партнерите, се подложуваат на годишно поставување на цели и оценки на работата. Секој професионалец се оценува врз основа на неговото или нејзиното остварување на договорените цели, демонстрација на глобалното однесување својствено за КПМГ (од кои едно е "Испорачува Квалитет"), технички способности и познавање на пазарот. Овие оценки се спроведуваат од страна на перформанс менаџери и партнери кои се во позиција да ја оценат нивната ефикасност и да предложат оценка на перформансите. Оценките за перформансите се доделуваат по обемен процес на калибрација за ефикасно решавање на недоследности во оценувањето и за обезбедување на правичност во процесот на оценување. Ова се постигнува преку нашиот глобален процес за развој на перформансите, кој е поддржан од веб-базирана апликација.

Награда и унапредување

Ние имаме политики за награда и унапредување кои се јасни, едноставни и поврзани со процесот на евалуација на перформансите, кои за партнерите вклучуваат постигнување на клучни параметри за квалитет на ревизија и усогласеност. Ова им помага нашите партнери и вработени да знаат што се очекува од нив и што тие можат да очекуваат за возврат.

Одејќи подалеку од оценките за ефикасноста и надоместокот, принципите на Глобалното однесување на КПМГ се дизајнирани за да се прошири низ сите процеси на нашите луѓе, вклучувајќи и методологии за вработување, пристапи за признанија и планирање на развојот. Приниципите на однесување се постојана референтна точка, артикулирајќи кај нашите луѓе она што е потребно за успех на индивидуално и колективно ниво.

**Прием на Партнери**

Нашиот процес за прием во партнерство е ригорозен и темелен, вклучувајќи соодветни членови од лидерството. Нашите критериуми за прием во партнерство се во согласност со нашата посветеност на професионализам и интегритет, квалитет и да се биде работодавач од избор. Ова е силно усогласено со способностите за однесување на КПМГ и се базира на конзистентни принципи. Сите препораки за прием во партнерство на КПМГ Македонија треба да бидат одобрени од Бордот на КПМГ Централна и Источна Европа.

**Распоредување на персонал**

Ние имаме процедури за назначување на партнери и на други професионалци на специфични ангажмани врз основа на неговите или нејзините вештини, релевантно професионално искуство и искуство во индустријата, како и природата на задачата или ангажманот. Раководителите на оддели се одговорни за процесот. Клучните фактори за назначување на партнер ги вклучуваат искуството на партнерот, акредитацијата и капацитетот, врз основа на прегледот на годишното портфолио на партнерот, да го изврши ангажманот во поглед на големината, профилот на комплексност и ризик на ангажманот и видот на поддршката која треба да се обезбеди (на пример, состав на тимот на ангажманот и вклучување на експерт).

Партнерите за ангажмани во ревизија треба да бидат убедени дека нивните тимови имаат соодветни компетенции и способности да вршат ревизија во согласност со КАМ, професионалните стандарди и применливите правни и регулаторни барања. Ова може да вклучува инволвирање на експерти од нашата фирма или други фирми членки на КПМГ.

© 2016 КПМГ Македонија ДОО, македонско друштво со ограничена одговорност и фирма-членка на КПМГ мрежата на независни фирми-членки се асоцирани со КПМГ Интернешнл Кооператив ("КПМГ Интернешнл"), швајцарско правно лице. Сите права се задржани.

Кога се разгледуваат соодветните надлежности и способности кои се очекуваат од тимот како целина, размислувањата на партнерот на ангажманот може да го вклучуваат следново:

- Разбирање и практично искуство со ангажмани на ревизија од слична природа и комплексност преку соодветна обука и учество
- Разбирање на професионалните стандарди и барањата на законите и регулаторните стандарди
- Соодветни технички вештини, вклучувајќи ги и оние поврзани со релевантна информатичка технологија и специјализирани области на сметководство или ревизија
- Знаење од областа на релевантните индустрии во кои клиентот работи
- Способност да се применува професионално расудување и
- Разбирање на политиките и процедурите за контрола на квалитет.

### Ангажман на вработените

Ние ги мериме ставовите на нашите луѓе и нивното целокупно ниво на ангажман преку Глобалната анкета. Оваа анкета се спроведува на секои две години и е показател за целокупната ангажираноста на вработените, како и увид во она што ја поттикнува ангажираноста во различни демографски групи, и како се справуваме со горенаведените категории.

Се бара од сите фирми-членки да учествуваат и да преземат соодветни активности за да ги комуницираат и да одговорат на наодите.

## Заложба за техничка совршеност и квалитет на услугите

Ние им обезбедуваме на сите професионалци техничка обука и помош која им е потребна. Ова вклучува пристап до мрежа на експерти и оддели за професионална пракса (ОПП) кои се составени од постари професионалци со обемно искуство во ревизија, известување и управување со ризик, било за да му обезбедиме ресурси на ангажираниот тим, или за консултација.

Во исто време, ние ја користиме нашата ревизорска акредитација и политиките на лиценцирање со кои се бара од професионалците да имаат соодветно знаење и искуство за нивните ангажмани. Нашата структура им овозможува на нашите тимови да го применат своето разбирање за бизнисот и познавање на индустријата за да обезбедат корисен увид и да го задржат квалитетот на ревизијата.

Изјавата од раководството на Друштвото за политиката на континуирано професионално усовршување на овластените ревизори и останатите вработени за 2016 година е дадена во Прилог 2 на овој извештај.

### Професионална обука

Во прилог на личниот развој дискутиран во делот погоре, нашите политики бараат од сите професионалци задржување на нивната техничка компетентност и усогласување со важечките регулаторни барања и потребите за професионален развој.

Координативните групи за "Учење и развој во ревизијата" на глобално, регионално и локално ниво ги идентификуваат приоритетите за техничка обука за развој и извршување со користење на комбинација на училници, е-учење и методи на виртуелна училница. Тимовите за Учење и развој во ревизија работат со предметни експерти и лидери од ГЦУ, Групата за меѓународни стандарди („ГМС") и ОПП за да се обезбеди обука од највисок квалитет, која е релевантна за ефикасноста на работното место и е навремено извршена.

© 2016 КПМГ Македонија ДОО, македонско друштво со ограничена одговорност и фирма членка на КПМГ мрежата на независни фирми-членки во асоцијација со КПМГ Интернешнл Кооператив („КПМГ Интернешнл"), швајцарско правно лице. Сите права се задржани.

Обуката не е ограничена во училница - богати искуства за учење се достапни во моменти на потреба преку обука и навремено учење, достапни со притискање на глувчето и усогласени со профили и патеки за учење специфични за работата. Сите курсеви во училница се зајакнати со соодветна поддршка за ефикасност за да им помогне на ревизорите во работата. Тренери водичи се достапни за критични ревизорски теми – тие се користат од страна на ревизорски тимови и се вградени во рамките на решенија за обука во ревизијата. Ние ја поддржуваме културата на обука низ КПМГ, како дел од овозможувањето на персоналот да го постигне својот полн потенцијал.

**Акредитација и лиценцирање**

Сите професионалци во КПМГ се во согласност со важечките правила за професионални лиценци под надлежност каде што ја вршат праксата.

Ние сме одговорни професионалците од ревизија кои работат на ангажмани, да имаат соодветно познавање од ревизија, сметководство и индустријата и да имаат искуство во локалната доминантна рамка за финансиско известување.

Покрај тоа, ние имаме специфични барања за акредитација за партнери и менаџери кои работат на МСФИ ангажмани, USGAAP, USGAAS, ангажмани од Трансакциони услуги, Проценки и Спојувања и Превземања и Помош при финансирање. Согласно на нив, партнерот, менаџерот и  партнерот за контрола на квалитет на ангажманот треба да имаат доволно обука и искуство во извршување на ангажмани во кои се применуваат релевантните стандарди за известување.

Ние наложуваме сите професионалци во ревизија да ја задржат својата акредитација во регулаторните тела и да ги задоволат барањата за Континуирана професионална обука на тие тела. Нашите политики и процедури се дизајнирани за да осигураме лицата на кои им е потребна лиценца за нивната работа, да се соодветно лиценцирани. Овластените ревизори во Друштвото кои се членови на Институт на овластени ревизори на РМ учествуваат во годишната обука и се во согласност со барањата од членот 28 од Законот за ревизија за минимум часови на континуирана обука.

**Пристап до мрежа на експерти**

Нашите тимови имаат пристап до мрежа на локални експерти на КПМГ или експерти од другите фирми-членки на КПМГ. Партнерите се одговорни нивните тимови да имаат соодветни ресурси и вештини.

Потребата од распоредување на експерти (на пример, информатичка технологија, даноци, пензии, правна експертиза) на одреден ревизорски ангажман се смета како дел од процесот на прифаќање и продолжување на ревизорскиот ангажман.

**Консултации**

Внатрешната консултација фундаментално придонесува за квалитетот и е задолжителна во одредени околности и секогаш се охрабрува.

За да им помогнеме на професионалците во ревизија во решавањето на тешки или спорни прашања, ние имаме воспоставено протоколи за консултација и документација на значајните сметководствени и ревизорски прашања, вклучувајќи и процедури за олеснување на решавањето на разликите во мислењето за прашања поврзани со ангажманот.

Ние обезбедуваме соодветна консултација преку ресурси на професионална пракса кои го вклучуваат Одделот за професионална пракса („ОПП") или слично. Во КПМГ Македонија, улогата на ОПП е од клучно значење во однос на поддршката што

© 2016 КПМГ Македонија ДОО, македонско друштво со ограничена одговорност и фирма-членка на КПМГ мрежата на независни фирми-членки во асоцијација со КПМГ Интернешнал Кооператива ("КПМГ Интернешнал"), швајцарско правно лице. Сите права се задржани.

KPMG

ја дава на ревизорите. Тој обезбедува технички упатства на професионалците за прашања поврзани со специфичен ангажман, развива и дистрибуира упатства поврзани со одредени теми за развој на локални технички и професионални прашања и дистрибуира меѓународни упатства за МСФИ и МСР.

Консултација со член на тимот на повисоко ниво на одговорност од двете страни со различно мислење, вообичаено ги решава таквите разлики. Во други околности, прашањето може да се издигне преку синџирот на одговорност за решавање од страна на технички експерти. Во исклучителни околности, предметот може да се упати до Раководителот на Ревизија, Раководителот на ОПП, Раководителот на одделот за Квалитет и Ризик (или соодветно национално квалификувани лица) или конечно на националниот постар партнер (или соодветно национално квалификувани лица).

Техничка поддршка ни е на располагање преку Групата за меѓународни стандарди („ГМС"), како и Групата за Пазари на Капитал во САД за работа на странски компании кои се регистрирани во Комисијата за хартии од вредност во Соединетите Американски Држави (SEC).

ГМС работи со глобални тимови за МСФИ и МСР со географска застапеност во целиот свет за да се промовира конзистентноста на толкувањето на МСФИ меѓу фирмите-членки, да се идентификуваат нови прашања и навремено да се развијат глобални насоки.

**Развивање на разбирање на бизнисот и познавање на индустријата**

Клучен дел од квалитетот на ангажманот е да се има детално разбирање за бизнисот на клиентот и индустријата.

За позначајни индустрии, назначени се раководители на глобалниот оддел за ревизија за поддршка на развојот на релевантни информации за индустријата кои се достапни на професионалците во ревизија во рамките на eAudIT. Ова знаење содржи примери на процедури за ревизија во индустријата и други информации (како што се вообичаени ризици и процеси на сметководство). Дополнително, достапни се прегледи за индустријата кои обезбедуваат општи и деловни информации во однос на конкретни индустрии, како и збир на знаење за индустријата достапни во eAudIT.

## Извршување на ревизии

### Процесот на Ревизија во КПМГ

Како што е наведено погоре, работата на ревизијата е овозможена во eAudIT. Клучните однесувања кои нашите ревизори ги применуваат во текот на процесот на ревизија за извршување на висококвалитетни ревизии се:

- Навремено вклучување на партнер и менаџер
- Критичка оценка за ревизорските докази
- Примена на професионално расудување и професионален скептицизам
- Тековно менторство и обука на работа, надзор и контрола
- Соодветно поткрепени и документирани заклучоци
- Доколку е релевантно, вклучување на контролор за квалитет на ангажманот (ККА)
- Известување
- Проникливa, отворена и чесна двонасочна комуникација со раководителите и
- Доверливост кон клиентот, безбедност на информации и заштита на лични податоци.

© 2016 КПМГ Македонија ДОО [illegible] КПМГ [illegible] Сите права се задржани.

Навремено вклучување на партнер и менаџер

За полесно идентификување и одговор на значајните ревизорски ризици кои се применливи за секоја ревизија, тимот на ангажманот треба да има разбирање за бизнисот на клиентот, неговата финансиска состојба и опкружувањето во кое тој функционира.

Партнерот на ангажманот е одговорен за целокупниот квалитет на ревизорскиот ангажман и според тоа за насоката, надзорот и спроведувањето на ангажманот.

Вклучување и лидерство на партнерот на ангажманот во текот на процесот на планирање и рано во процесот на ревизија помага да се постави соодветен делокруг и пристап во ревизија и му помага на тимот на ангажманот да добие максимална корист од искуството и вештините на партнерот. Навремено вклучување на партнерот на ангажманот во другите фази на ангажманот му овозможува на партнерот на ангажманот да ги идентификува и соодветно да ги разгледа прашањата од значење за ангажманот, вклучувајќи критични области на расудување и значителни ризици.

Партнерот на ангажманот е одговорен за конечното мнение на ревизорот и ја прегледува клучната ревизорска документација - особено документација во врска со значајни прашања кои произлегуваат во текот на ревизијата и добиените заклучоци. Менаџерот на ангажманот му помага на партнерот во исполнувањето на овие обврски и во секојдневната врска со клиентот и тимот.

Критичка оценка на ревизорски докази со акцент на професионален скептицизам

Ние ги земаме во предвид сите ревизорски докази добиени во текот на ревизијата, вклучувајќи и разгледување на контрадикторни или неконзистентни ревизорски докази. Природата и обемот на ревизорските докази коишто ги собираме одговара на проценетите ризици. Ние критички ги оценуваме ревизорските докази добиени од сите извори. Анализата на ревизорски докази бара секој од нашите членови на тимот да примени професионално расудување и да одржи професионален скептицизам за да се добијат доволно соодветни ревизорски докази.

Професионален скептицизам вклучува критичко размислување и претпазливост за противречности или недоследности во ревизорските докази. Професионалниот скептицизам особено се карактеризира преку стандардите за ревизија и добива значаен фокус од регулаторите. Нашата Рамка за квалитет на ревизија ја нагласува важноста на одржување на став на професионален скептицизам во текот на ревизијата.

Ние имаме процес на професионално расудување кој им обезбедува на професионалците во ревизијата структуриран пристап кон расудувањето. Нашиот процес на професионално расудување има професионален скептицизам во својата срж. Тој ја признава потребата за претпазливост кон предрасуди кои можат да бидат закани за добро расудување, разгледување алтернативи, критичко оценување на ревизорските докази преку предизвикување на претпоставките на менаџментот и проследување на противречни или неконзистентни информации, како и навремено документирање на добиените заклучоци, како средство за тестирање на нивната комплетност и соодветност.

Активно менторство, обука во текот на работата, надзор и преглед

Ние разбираме дека вештините се градат со текот на времето и преку изложување на различни искуства. За да инвестираме во изградба на вештини

© 2016 КПМГ Македонија ДООЕЛ, македонско друштво со ограничена одговорност и фирма-членка на КПМГ мрежата на независни фирми-членки во здружение со КПМГ Интернешнал Кооператив ("КПМГ Интернешнал"), швајцарско правно лице. Сите права се задржани.

KPMG

и способности на нашите професионалци, без да се загрози квалитетот, ние користиме средина на континуирано учење. Ние ја поддржуваме културата на обука низ КПМГ, како дел од овозможувањето на персоналот да го постигнат својот полн потенцијал.

Активното менторство, обука во текот на работата и надзор за време на ревизија вклучува:

- Учество на партнерот на ангажманот во дискусиите на планирање
- Следење на прогресот на ревизорскиот ангажман
- Земање во предвид на компетентноста и способностите на индивидуалните членови на тимот на ангажманот, вклучувајќи и дали тие имаат доволно време да ја вршат својата работа, дали тие ги разбираат нивните инструкции и дали работата е извршена во согласност со планираниот пристап кон ангажманот
- Помош на членовите на тимот на ангажманот при разгледување на значајни прашања кои произлегуваат за време на ревизијата и соодветно модифицирање на планираниот пристап и
- Идентификување на прашања за консултации со поискусните членови на тимот за време на ангажманот.

Клучен дел на ефективното менторство, обука и надзор е навремен преглед на извршената работа, така што значајните прашања брзо се идентификувани, дискутирани и решени.

Соодветно поткрепени и документирани заклучоци

Ревизорската документација ги евидентира извршените постапки на ревизија, добиените докази и заклучоците донесени за значајни прашања за секој ангажман на ревизија. Нашите политики бараат преглед на документацијата од страна на поискусните членови на тимот на ангажманот.

Нашата методологија признава дека навремено подготвената документација помага да се зголеми квалитетот на ревизијата и го олеснува ефективното разгледување и оценување на добиените ревизорски докази и донесените заклучоците пред финализирање на нашиот извештај. Од тимовите се бара да соберат комплетна и финална ревизорска документација за архивирање, во рамки на соодветен временски период, кој вообичаено не е повеќе од 60 календарски денови од датумот на ревизорскиот извештај, но може да биде и порестриктивен според одредени важечките прописи.

Клучниот принцип којшто членовите на тимот на ангажманот треба да го земат во предвид е дали искусен ревизор, без претходна врска со ангажманот, ќе ги разбере:

- Природата, времето и обемот на извршените постапки за ревизија за да има усогласеност со МСР
- Важечките законски и регулаторни барања
- Резултатите од извршените постапки и добиените ревизорски докази
- Значајни наоди и прашања кои произлегуваат во текот на ревизијата, и превземени дејства за нивно решавање (вклучувајќи дополнително добиени ревизорски докази) и
- Основата за донесените заклучоци и значајното професионално расудување при донесување на тие заклучоци.

Ние имаме формална политика за архивирање на документи во согласност со важечките закони и регулативи кои се на сила во периодот кога ја задржуваме ревизорската документација и другата евиденција специфична за клиентот.

© 2016 КПМГ Македонија ДОО, македонско друштво со ограничена одговорност и фирма-членка на КПМГ мрежата на независни фирми-членки се здружени во КПМГ Интернешнал Кооператив ("КПМГ Интернешнал"), швајцарско правно лице. Сите права се задржани.

Соодветно вклучување на Проверувач на контрола на квалитет на ангажманот

Проверувачите на ККА имаат соодветно искуство и знаење да извршат објективен преглед на одлуките и расудувањата на тимот на ангажманот. Тие се искусни професионалци во ревизија кои се независни од тимот на ангажманот. Тие обезбедуваат објективен преглед на покритичките елементи и елементите на расудување во ревизијата.

Проверувач на ККА треба да биде назначен за законските ревизии, вклучувајќи ги и сите поврзани преглед(и) на периодичните финансиски информации, на сите ентитети кои котираат на берза, ентитети од висок јавен профил кои не котираат на берза, ангажмани кои бараат преглед на ККА според важечките закони или регулативи, и други ангажмани одредени од страна на партнерот за управување со ризик или раководителот на ревизија во земјата. Пред датумот на извештајот на ревизорот, овие лица вршат преглед на:

- Избрана ревизорска документација и комуникација со клиентот
- Соодветност на финансиските извештаи и поврзани обелоденувања и
- Значајни расудувања на тимот на ангажманот и донесените заклучоци во однос на ревизијата.

Ревизијата е завршена единствено кога Проверувачот на ККА е сигурен дека сите значајни прашања се решени.

Ние континуирано се стремиме да ја зајакнеме и подобриме улогата која проверувачот на ККА ја има во ревизиите, бидејќи тоа е фундаментален дел од системот на контрола на квалитет на ревизија.

Во последните години КПМГ Интернешнл презема бројни активности за зајакнување, вклучително:

- Издавање на прирачник од водечките практики кој се фокусира на надлежностите и способностите на проверувачот и активна поддршка на проверувачите на ККА
- Вклучување на специфични процедури во eAudIT за олеснување на ефективни контроли и
- Имплементација на политики поврзани со препознавање, номинација и развој на проверувачи на ККА, како и следење и оценка на природата, времето и обемот на нивното вклучување.

Известување

Стандардите за ревизија и Законот за ревизија во голема мера го диктираат форматот и содржината на извештајот на независниот ревизор кој вклучува мнение за објективното презентирање на финансиските извештаи на клиентот во сите материјални аспекти. Искусни партнери на ангажманот ги развиваат сите ревизорски мненија врз основа на извршената ревизија.

При подготовката на извештаите на независниот ревизор, партнерите на ангажманот имаат пристап до обемни насоки за известување и техничка поддршка во ревизијата преку консултации со ОПП, особено во случаи каде што има значајни прашања кои треба да им бидат известени на корисниците на ревизорскиот извештај, било како квалификација во ревизорскиот извештај или преку вклучување на параграф со обрнување на внимание.

Како одговор на барањата од корисниците на ревизорскиот извештај да се обезбеди повеќе од добро/лошо мислење, ОМСС издаде нови барања за известување од ревизорот. Без да се измени обемот на независната ревизија, овие барања отвораат врата

© 2016 КПМГ Македонија ДООЕЛ, македонско друштво со ограничена одговорност и фирма-членка на КПМГ мрежата на независни фирми-членки во асоцијација со КПМГ Интернешнл Кооператив („КПМГ Интернешнл“), швајцарско правно лице. Сите права се задржани.

KPMG

за да може ревизорот да им даде на корисниците поголем увид во ревизијата и подобрување на транспарентноста.

По појаснувањето на она што навистина е независна ревизија, новиот извештај на ревизорот ќе помогне во зајакнување на природата на комуникација со заинтересираните страни и да им овозможи на корисниците да ја препознаат вредноста на ревизија.

Новите барања се применуваат за ревизии на финансиски извештаи за периодите кои завршуваат на или 15 декември 2016 година.

Суштинска, отворена и чесна двонасочна комуникација со одговорните за управување

Двонасочната комуникација со одговорните за управување е клучна за квалитетна ревизија. Често пати, одборот за ревизија е групата идентификувана како одговорна за управување. Ние ја нагласуваме важноста на информираноста на одговорните за управување во врска со прашањата кои произлегуваат во текот на ревизијата и на разбирањето на нивните ставови. Ние го постигнуваме ова преку комбинација од извештаи и презентации, присуство на состаноци на одборот за ревизија или на бордот, како и тековни разговори со членовите на одборот за ревизија.

Ние даваме увид, преку споделување на нашата проценка на соодветноста на значајните сметководствени практики, вклучувајќи ги сметководствените политики, сметководствените проценки, обелоденувања во финансиските извештаи, значајните недостатоци во дизајнот и функционирањето на системите за финансиско известување, контролите доколку сме воочиле такви недостатоци во текот на ревизијата, и било какви некорегирани погрешни прикажувања. Ние го споделуваме нашето искуство во индустријата за да поттикнеме дискусија и дебата со одговорните за управување.

Признавајќи ја тешката и важна улога што одборите за ревизија ја имаат на пазарите на капитал и предизвиците со кои тие се соочуваат при исполнување на нивните обврски, нашиот Институт за  Одбори за Ревизија ("ИОР) има за цел да им помогне на членовите на Одборите за ревизија да се зголеми нивната свест, посветеност и способност за спроведување на ефикасни процеси во рамки на Одборите за ревизија. ИОР функционира во 35 земји низ целиот свет и им обезбедува на членовите на Одборот за ревизија авторитетни упатства за прашањата од интерес за Одборите за ревизија, како и можност да се поврзат со нивните колеги во текот на обемна програма за технички надградби и информативни семинари.

Фокус на ефективноста на  ревизии на група

Нашата методологија за ревизија детално го опфаќа спроведувањето на  ревизии на група. Ние ја нагласуваме важноста на ефективна двонасочна комуникација меѓу тимот на ангажманот на групата и на поединечните ревизори, што е клуч за квалитетот на ревизијата. Партнерот на ангажманот за ревизија на група треба да ја оцени компетентноста на поединечните ревизори, без разлика дали станува

© 2016 КПМГ Македонија ДОО, македонско друштво со ограничена одговорност и фирма членка на КПМГ мрежата на независни фирми членки во асоцијација со КПМГ Интернешнал Кооператив („КПМГ Интернешнал"), швајцарско правно лице. Сите права се задржани.

KPMG

збор за фирми членки на КПМГ или не, како дел од процесот за прифаќање на ангажманот. Нашата методологија за ревизија вклучува во моментот зголемено внимание за клучните области на ризик за групните ревизии, на пример, нови пазари и бизнис средини кои можат да бидат предмет на зголемен ризик од измами.

Во мрежата на КПМГ се користат конзистентни пристапи, методологија и алатки. На водечките партнери на ангажман им се обезбедуваат информации за ревизорите на фирмата-ќерка во рамките на мрежата на КПМГ за да им се помогне да ја оценат нивната компетентност и способности, вклучувајќи, каде што е соодветно, и наодите од релевантните контроли.

Партнерите на ангажмани на групации може да ја прегледаат документацијата на ангажманот на ревизорот на фирмата-ќерка, лично или да обезбедат електронски пристап.

**Доверливост кон клиентот, безбедност на информации и заштита на лични податоци**

Важноста на задржувањето на доверливоста кон клиентот е нагласена преку различни механизми вклучувајќи го и Кодексот на однесување, обука и процесот на годишни изјави / потврди, кои ги пополнуваат сите наши професионалци.

Ние имаме формална политика за чување на документи во однос на периодот на чување на ревизорска документација и друга евиденција важна за ангажманот во согласност со правилата на IESBA, како и другите применливи стандарди и прописи на регулаторните тела.

Ние имаме јасни политики за безбедноста на информациите кои покриваат широк спектар на области. Политиките за заштита на личните податоци го регулираат третманот на лични податоци и придружната обука е задолжителна за сите вработени во КПМГ.

**Заложба за континуирано усовршување**

Ние се фокусираме нашата работа да продолжи да ги задоволува потребите на учесниците на пазарите на капитал. За постигнување на оваа цел, ние користиме широк опсег на механизми за да ги следиме нашите перформанси, да одговориме на повратни информации и да ги разбереме нашите можности за континуирано подобрување.

Покрај тоа, имаме процеси за проактивно идентификување на нови ризици и идентификување на можностите за подобрување на квалитетот и обезбедување увид.

Од фирмите-членки се бара да ги споредат резултатите од внатрешни програми за мониторинг со резултатите од програмите за надворешни проверки и да превземат соодветни мерки.

**Мониторинг**

Внатрешен мониторинг

КПМГ Интернешнл има програма за интегриран мониторинг која ги опфаќа сите фирми-членки за да се оцени релевантноста, соодветноста, како и ефикасното функционирање на клучните политики и процедури за контрола на квалитетот. Овој мониторинг се однесува како на извршување на ангажманите, така и на важните политики и процедури на КПМГ Интернешнл. Резултатите и

© 2016 КПМГ Македонија ДООЕЛ, македонско друштво со ограничена одговорност и фирма-членка на КПМГ мрежата на независни фирми-членки се здружени со КПМГ Интернешнл Кооператив („КПМГ Интернешнл"), швајцарско правно лице. Сите права се задржани.

поуките од програмите се комуницирани во рамките на секоја фирма-членка и севкупните резултати и поуки од програмите се разгледуваат и се превзема соодветно дејство на регионално и глобално ниво. Нашата програма за внатрешен мониторинг исто така придонесува кон оценката дали нашиот систем за контрола на квалитет е соодветно дизајниран, ефективно имплементиран и дали ефективно функционира.

Нашите постапки за следење вклучуваат тековно разгледување на:

- Усогласеност со политиките и процедурите на КПМГ Интернешнл
- Ефективноста на обуката и други активности за професионален развој и
- Усогласеност со важечките закони и прописи, и стандардите, политиките и процедурите на фирмите-членки.

Од страна на КПМГ Интернешнл развиени се и имплементирани две програми за инспекција кои се спроведуваат годишно во одделот за Ревизија, Програма за преглед на квалитетот на работата и Програма за преглед на усогласеност со процедурите за управување со ризик.

Покрај тоа, сите фирми-членки се опфатени со Преглед на усогласеност со процедурите за управување со ризик во сите одделi. Овие програми се дизајнирани од страна на КПМГ Интернешнл и учеството во нив е услов за продолжително членство во мрежата на КПМГ.

*Преглед на квалитетот на работата (ПКР)*

Меѓународната Програма за преглед на квалитетот на работата е камен темелник на напорите на КПМГ Интернешнл да го следи квалитетот на ангажманите и една од нашите основни процедури да бидеме сигурни дека фирмите-членки колективно и доследно ги исполнуваат барањата и на КПМГ Интернешнл и применливите професионални стандарди. Програмата за преглед на квалитетот на работата го оценува извршувањето на ниво на ангажмани во одделот за Ревизија и идентификува можности за подобрување на квалитетот на ангажманите. Сите партнери се генерално предмет на селекција за контрола најмалку еднаш во три-годишен циклус. За селекција на ангажмани се користи пристап заснован на ризик.

Партнерите на ангажман и клучните ревизори се предмет на една или повеќе дополнителни контроли кога се оценети помалку-од-задоволително (LTS) или ако на друг начин се одреди како соодветно.

Контролите се прилагодени на релевантниот оддел, се изведуваат на ниво на фирма-членка, обично се надгледуваат од страна на постар искусен главен контролор независен од фирмата-членка и се следат на регионално и глобално ниво.

Постојат обемни критериуми за избор на контролори. Тимовите за контрола вклучуваат постари искусни водечки контролори кои се независни од фирмата-членка каде се врши контрола. Се обезбедува обука за тимовите за контрола и за останатите кои го надгледуваат процесот, со фокус на спорни прашања идентификувани од страна на регулаторите за

© 2016 КПМГ Македонија ДОО, македонско друштво со ограничена одговорност и фирма-членка на КПМГ мрежата на независни фирми-членки во асоцијација со КПМГ Интернешнл Кооператив („КПМГ Интернешнл"), швајцарско правно лице. Сите права се задржани.

KPMG

надзор на ревизија и потребата да се биде исто толку ригорозен колку и надворешните контролори.

Се користат конзистентни критериуми за да се утврди оценка на ангажманот и проценки на практиката за ревизија на фирмата-членка. Избраните ревизорски ангажмани за контрола се оценуваат како Задоволителен, Потребно е подобрување на ефикасноста или Незадоволителен. Одделот за даноци и Консултантскиот оддел користат други оценки.

Ние спроведуваме детална анализа за важните прашања. Неопходни се корективни акциони планови за сите забележани значајни недостатоци на ниво на ангажман и на ниво на фирма-членка. Ние ги дистрибуираме нашите наоди од Програмата на нашите професионалци преку писмена комуникација, интерни алатки за обука, и периодични состаноци на партнери, менаџери и вработени. Овие области се исто така нагласени во следните програми за контрола со цел да се измери степенот на континуирано подобрување.

Примарна одговорност на фирмите-членки е да идентификуваат и да развијат соодветни планови за решавање на прашањата за квалитет идентификувани во текот на ПКР. Соодветно на тоа, од фирмите-членки се бара да ги акумулираат недостатоците на квалитетот на ревизијата и да се оцени нивната сеприсутност.

Раководителот на ревизија е одговорен за развој и имплементација на акциските планови во такви случаи, а Партнерот за управување со ризик ја следи нивната имплементација.

Резултатите од ПКР ширум мрежата на КПМГ и импликациите за понатамошни активности се разгледуваат од страна на Глобален совет за прашања за квалитет на ревизија во име на Глобалната раководна група за ревизија и Глобалната раководна група за квалитет и управување со ризик.

Главните партнери за ревизорски ангажмани се известуваат за помалку од задоволителен рејтинг на ангажманот на нивните прекугранични ангажмани. Покрај тоа, Главните партнери на глобалните клиенти за ревизија на матичните компании/главни седишта се известуваат кога подружница на нивниот групен клиент е предмет на ревизија од страна на фирма-членка каде што се идентификувани значајни прашања во однос на квалитетот во текот на контролата на квалитетот на работата.

*Програма за преглед на усогласеност со процедурите за управување со ризик*

КПМГ Интернешнл развива и спроведува политики и процеси за контрола на квалитет кои се применуваат кај сите фирми-членки. Овие политики и процеси и процедурите поврзани со нив, ги вклучуваат и барањата од МСКК 1.

Програмата за преглед на усогласеност со процедурите за управување со ризик е глобално управувана годишна програма за самооценување на секоја фирма-членка.

Целите на Програмата за преглед на усогласеност со процедурите за управување со ризик се:

- Да се следи, документира и оцени обемот на усогласеноста на системот за контрола на квалитет на фирмата-членка со Глобалните

© 2016 КПМГ Македонија ДОО, македонско друштво со ограничена одговорност и фирма-членка на КПМГ мрежата на независни фирми-членки со врзани со КПМГ Интернешнл Кооператива ("КПМГ Интернешнл"), швајцарско правно лице. Сите права се задржани.

политики и клучните законски и регулаторни барања за квалитет и управување со ризик, кои се однесуваат на испорака на професионални услуги

- Да ја даде основата за фирмите-членки да можат да оценат дали фирмите-членки и нивните вработени се усогласени со релевантните професионални стандарди на КПМГ и важечките законски и регулаторни барања.

Кога се идентификувани недостатоци, од фирмата-членка се бара да направи детална анализа и да постави акциони планови за корекција.

*Глобална програма за прегледи за исполнување на барањата*

Секоја фирма-членка е предмет на независна глобална програма за прегледи за исполнување на барањата најмалку еднаш на секои 3 години. Програмата обезбедува надворешна потврда на системот за контрола на квалитет на фирмата-членка, вклучително:

- Посветеноста на фирмата-членка за квалитет и управување со ризик (ставот на врвот) и обемот во кој нејзината севкупна структура, управување и финансирање ја поддржува и зајакнува таа посветеност.
- Сеопфатноста и обемот на Програмата за преглед на усогласеност со процедурите за управување со ризикна фирмата-членка, со оценка дали постоело:
  - Соодветна документација за политики, процеси и поврзани контроли на место
  - Соодветно тестирање на ефективноста на контролите
  - Правилни заклучоци во однос на прашањата и потребни корективни активности како што е известено во акцискиот план на Програмата за преглед на усогласеност со процедурите за управување со ризик

Тимот на Глобалната програма кој ги врши прегледите за исполнување на барањата е независен од фирмата-членка, објективен и со познавање на Глобалните политики за квалитет и управување со ризик и известува до Глобалниот Потпретсетадел за Квалитет, Ризици и Регулатива.

Тимот на Глобалната програма ги комуницира сите наоди со Постариот Партнер и Партнерот за Управување со ризик.

Од фирмата-членка се бара да развие акциски план за да одговори на сите наоди на глобалната програма за прегледи за исполнување на барањата и да го усогласи со тимот на Глобалната програма. Напредокот на фирмата-членка според акцискиот план се следи од страна на Глобален централен тим на Глобалната програма за прегледи за исполнување на барањата.

Резултатите се известуваат до Глобалната раководна група за квалитет и управување со ризик и кога е неопходно, до соодветното глобално и регионално раководство, за да се обезбедат навремени активности за корекција.

Сите три програми бараат фирмите членки да развијат акциони планови за решавање на идентификуваните прашања, со рокови, и овие активности со кои ќе се подобри ефикасноста се следат регионално и глобално за да бидеме сигурни

© 2016 КПМГ Македонија ДОО, [illegible]

KPMG

дека активностите се одговор на идентификуваните прашања со цел континуирано подобрување.

Надворешен мониторинг

Во Република Македонија, Комисијата за контрола на квалитетот при Институтот за овластени ревизори на Република Македонија („Комисијата") спроведува независни контроли.

Во месец октомври 2014 година беше извршена проверка за уверување на квалитетот на Друштвото согласно член 20 од Законот за ревизија. Предмет на извршената контрола беше работењето на Друштвото за 2013 година. Контролата е извршена во согласност со планот на Институтот на овластени ревизори на Република Македонија за проверки за 2014 година.

**Список на субјекти каде е извршена ревизија од страна на друштвото**

Како дел од барањата за транспарентност во ревизорската пракса, КПМГ Македонија води список на субјекти каде е извршена ревизија од страна на друштвото за финансиската година која завршува на 31 декември 2015 година. Списокот е даден во Прилог 1 на овој извештај.

**Повратни информации од клиенти**

Како дополнување на внатрешниот и надворешен мониторинг на квалитет, ние вклучуваме формална програма каде што активно бараме повратни информации од раководството на клиентот и оние кои имаат раководни улоги, за квалитетот на специфичните услуги што сме ги обезбедиле на клиентот. Повратните информации што се добиваат од оваа програма официјално се разгледуваат на централно ниво и од поединечните тимови за услуги за клиенти, за да бидеме сигурни дека ние постојано учиме и го подобруваме нивото на услугите кои ги нудиме. Сите итни активности кои произлегуваат од повратните информации на клиентот, се следат од страна на партнерот заради навремено решавање на прашања кои се однесуваат на квалитетот.

**Следење на забелешки**

Ние имаме процедури за следење и одговор на примени забелешки кои се однесуваат на квалитетот на работата. Овие процедури се претставени во нашите генерални услови за работење.

**Интеракција со регулаторите**

На меѓународно ниво, КПМГ Интернешнл има редовна двонасочна комуникација со меѓународната Федерација на Независни регулатори за ревизија („IFIAR") за дискутирање на идентификувани прашања и превземените активности за решавање на тие прашања на ниво на мрежата.

© 2016 КПМГ Македонија ДОО, македонско друштво со ограничена одговорност и фирма-членка на КПМГ мрежата на независни фирми-членки во асоцијација со КПМГ Интернешнл Кооператива („КПМГ Интернешнл"), швајцарско правно лице. Сите права се задржани.

# Финансиска информација

КПМГ Македонија ги нуди следните ревизорски услуги на пазарот:

- Ревизија на финансиски извештаи
- Ревизија на годишни сметки
- Ревизија на известувачки пакети
- Проверка на известувачки пакети
- Договорени постапки и други ангажмани поврзани со ревизија.

Подолу е презентирана финансиската информација за сеопфатните приходи на КПМГ Македонија ДОО Скопје за годината завршена на 31 декември 2015 година и 31 декември 2014 година структурирана по вид на услуги кои ги нуди Друштвото.

| **Услуги** | **2015 Приходи во МКД '000** | **2014 Приходи во МКД '000** |
|---|---:|---:|
| Ревизија на годишни и консолидирани сметки | 44,270 | 41,617 |
| Дополнителни услуги на уверување на квалитет | - | - |
| Даночни советодавни услуги | - | - |
| Други неревизорски услуги | 101 | 3,586 |
| **Вкупно** | **44,371** | **45,203** |

[illegible]

# Надоместок за Партнерите информација за основата по која се утврдува хонорарот на овластениот ревизор

Систем за надоместок на партнерите се базира на заедничките принципи усвоени од страна на Регионалниот одбор на КПМГ во Централна и Источна Европа и е дизајниран да ги одрази индивидуалните одговорности и искуство на партнерот, нивната улога во управувањето со професионални практики и фирмата во целина, како и локалните условите на пазарот. Целите поставени на секој партнер ги опфаќаат и финансиските показатели и резултати, како што се пораст на приходите и профитабилноста, како и квалитетот на работата и квалитет на услугите, лидерство и усогласеност со вредностите на друштвото.

Целниот надоместок на Партнерот се утврдува од страна на Раководниот Партнер во консултација со Претседателот на Одборот на КПМГ во Централна и Источна Европа. Надоместокот се состои од два елементи:

- Основна компонента – Ова е наградата утврдена како дел од буџетираните добивки на друштвото. Износот на основната компонента ја одразува улогата и сениорноста на секој партнер и
- Профитна компонента поврзана со реализација – ја одразува реализацијата на партнерот во текот на годината во однос на претходно поставените индивидуални цели, оние на релевантната функција и неговиот/нејзиниот придонес за развој на фирмата.

Износот на профитната компонента поврзана со реализација кој се доделува на крајот на финансиската година зависи од реализацијата на партнерот и зависи од достапност на расположлива добивка.

© 2016 КПМГ Македонија ДОО, македонско друштво со ограничена одговорност и фирма членка на КПМГ мрежата на независни фирми членки во асоцијација со КПМГ Интернешнал Кооператива ("КПМГ Интернешнал"), швајцарско правно лице. Сите права се задржани.

KPMG

# Организација на мрежата

## Правна структура

Независните фирми членки на мрежата на КПМГ се поврзани со КПМГ Интернешнл, швајцарски кооператив кој е правно лице формирано според швајцарскиот закон.

КПМГ Интернешнл врши деловни активности за севкупна корист на мрежата на фирмите членки на КПМГ но не обезбедува професионални услуги за клиенти. Професионални услуги за клиенти исклучиво се обезбедуваат од страна на фирмите членки.

Мрежата на КПМГ на глобално ниво дејствува во 155 земји во светот преку 958 канцеларии со 173,965 вработени. Вкупниот приход на КПМГ мрежата на глобално ниво за 2015 година изнесува 24,44 милијарди УСД.

Една од главните цели на КПМГ Интернешнл е да овозможи обезбедување на висококвалитетна ревизија, даночни и советодавни услуги за своите клиенти од страна на фирмите-членки. На пример, КПМГ Интернешнл воспоставува и го олеснува спроведувањето и придржувањето кон единствени политики и стандарди за работа и однесување на фирмите-членки, и го штити и го подобрува користењето на името и заштитниот знак на КПМГ.

Структурата е дизајнирана за поддршка на конзистентноста на квалитетот на услугите и почитување на договорените вредности секаде во светот каде работат фирмите членки. Една од главните цели на КПМГ Интернешнл е да им овозможи на фирмите членки обезбедување на високо квалитетни услуги на ревизија, даночни и консултантски услуги на своите клиенти. На пример, КПМГ Интернешнл воспоставува и го олеснува спроведувањето и одржувањето на униформни политики и стандарди за работа и однесување од страна на фирмите членки, и ја заштитува и зголемува употребата на името и брендот на КПМГ.

КПМГ Интернешнл е лице кое е правно одделено од секоја фирма членка. КПМГ Интернешнл и фирмите членки не се глобално партнерство, заедничко вложување, или однос на главен и застапник, или во партнерски односи едни со други. Ниту еден фирма членка нема било какво овластување да го обврзе или врзе КПМГ Интернешнл или било која друга фирма членка наспроти трети страни, ниту пак КПМГ Интернешнл нема такво овластување да обврзе или врзе било која од фирмите членки. Повеќе информации за мрежата на КПМГ може да се најде во Меѓународниот Годишен Извештај за 2015 година.

## Одговорности и обврски на фирмите членки

Според договорите со КПМГ Интернешнл, од фирмите членки се бара да бидат во согласност со политиките и прописите на КПМГ Интернешнл, вклучувајќи стандарди за квалитет со кои се регулира како тие работат и како обезбедуваат услуги за

© 2016 КПМГ Македонија ДОО [illegible]

KPMG

клиенти за поефикасна конкурентност. Ова вклучува и цврста структура која обезбедува континуитет и стабилност, и овозможува усвојување на глобални стратегии, споделување на ресурси (појдовни и дојдовни), опслужување на мултинационални клиенти, управување со ризик, и развој на глобални методологии и алатки. Секоја фирма членка презема одговорност за нејзиното управување и квалитетот на нејзината работа.

Фирмите-членки се обврзуваат на заеднички вредности на КПМГ.

Активностите на КПМГ Интернешнл, се финансирани од сумите платени од страна на фирмите членки. Основата за пресметување на овие износи е одобрена од страна на Глобалниот одбор и конзистентно се применува на фирмите членки. Статусот на фирмата како фирма членка и нејзиното учество во мрежата на КПМГ може да се прекине ако, меѓу другото, таа не е во согласност со политиките и прописите утврдени од страна на КПМГ Интернешнл или со било која од нејзините обврски кон КПМГ Интернешнл.

## Раководна структура

Клучните органи на управување на КПМГ Интернешнл се Глобален Совет, Глобален Одбор и Глобален Менаџмент Тим. Повеќе детали за раководната структура на КПМГ Интернешнл може да се најде во Извештајот за транспарентност на КПМГ Интернешнл за 2015 година.

## Регионални Лидери за квалитет во соодветни области и управување со ризик

КПМГ Интернешнл има мрежа од регионални Лидери за Квалитет во соодветни области и управување со ризик кои известуваат на Глобалниот Потпретседател за квалитет, ризици и регулативи. Лидерите се членови на Координативната група за глобално управување со квалитет и ризици и секој лидер врши мониторинг функција врз група од фирми членки. Нивната улога е да се подобри способноста на мрежата на КПМГ за проактивно следење на квалитетот и управување со ризик во фирмите членки.

© 2016 КПМГ Македонија ДООЕЛ, македонско друштво со ограничена одговорност и фирма-членка на КПМГ мрежата на независни фирми-членки асоцирани со КПМГ Интернешнл Кооператива ("КПМГ Интернешнл"), швајцарско правно лице. Сите права се задржани.

KPMG

# Изјава на Раководството на КПМГ Македонија ДОО Скопје за ефективноста на контролите за квалитет и независност

Мерките и постапките кои служат како основа за системот за контрола на квалитет за КПМГ Македонија наведени во овој извештај, имаат за цел да дадат разумен степен на уверување дека законските ревизии извршени од страна на нашето Друштво се во согласност со важечките закони и прописи.

Поради својствени ограничувања, системот за контрола на квалитет не е наменет да обезбеди апсолутна сигурност дека неусогласеностите со соодветните закони и прописи ќе бидат спречени или откриени.

Раководството на КПМГ Македонија ги разгледа:

- Дизајнот и функционирањето на системите за контрола на квалитет како што се опишани погоре
- Наодите од разновидните програми за усогласеност применети од страна на нашето Друштво (вклучувајќи ги Програмите за Контрола на квалитет на КПМГ Интернешнл опишани во делот Внатрешен мониторинг и нашите локални програми за на усогласеност) и
- Наодите, доколку има, од контроли на регулаторот и последователното следење и/или корективни активности.

Земајќи ги сите овие докази заедно, Раководството на КПМГ Македонија потврдува со разумно ниво на увереност дека системите за контрола на квалитетот во рамки на нашето Друштво функционираа ефективно во годината завршена на 31 декември 2014 година.

Воедно, Раководството на КПМГ Македонија ДОО изјавува дека постојат интерни процедури за проверка на усогласеноста на независноста на КПМГ Македонија и сите вработени во КПМГ Македонија и дека овие процедури доследно се спроведени.

Потпишаната Изјава за ефективноста на функционирањето на внатрешниот систем на контрола на квалитет на КПМГ Македонија и независноста е дадена како Прилог 3 кон овој извештај.

Скопје, 31 Март 2016 година
Во име на КПМГ МАКЕДОНИЈА ДОО Скопје
Управител Гордана Никушевска

Друштво за ревизија КПМГ МАКЕДОНИЈА ДОО Скопје

© 2016 КПМГ Македонија ДОО, македонско друштво со ограничена одговорност и фирма членка на КПМГ мрежата на независни фирми членки асоциирани со КПМГ Интернешнл Кооператив ("КПМГ Интернешнл"), швајцарско правно лице. Сите права се задржани.

KPMG

# Прилог 1

## Субјекти над кои е извршена ревизија

Списокот на субјекти на кои зависно од типот на ангажманот беше извршена законска, договорна или законска и договорна ревизија и на кои е издаден извештај на независниот ревизор од страна на нашето Друштво во текот на 2015 година е даден подолу.

АВТ Интернационал ДООЕЛ, Скопје
Албнор Компани ДОО Тетово
Алфа Астика Акинита ДООЕЛ, Скопје
Алфа банка АД, Скопје
АТУ Македонија
Аџибадем Систина Медикал Компани, Скопје
Винер Лајф – Виена Иншуренс Груп АД Скопје
Винер – Виена Иншуренс Груп АД Скопје
ВИП Оператор
Диги плус мултимедија
ДМ Дрогерие маркт
ДММ ДРЕКСЛМАЈЕР МАНУФАКТУРИНГ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје
Дуропацк АД Скопје
ЕВН Македонија Електроснабдување
ЕВН Електростопанство на Македонија АД, Скопје
ЕВН Македонија Електрани ДООЕЛ
ЕВН Македонија Холдинг ДООЕЛ, Скопје
EOS Матрих ДОО, Скопје
ИМБ Млекара АД, Битола
Инсајд девелопмент
Инсиг Македонија
Интернационален Картичен Систем АД, Скопје
КБ Прво пензиско друштво
Клиничка Болница Аџибадем Систина, Скопје
Комерцијална банка АД, Скопје
Крка Фарма ДООЕЛ, Скопје
ЛТХ Леарница ДООЕЛ, Охрид
Лукоил Македонија ДООЕЛ, Скопје
Магна Еуропе ДООЕЛ
Макстил АД, Скопје
Маркарт Македонија
Меккен Ериксон Груп ДОО Скопје
Месер Вардар Техногас ДООЕЛ, Скопје
Нестле Адриатик
Новометал ДОО Скопје
Њу Јоркер Македонија ДООЕЛ Скопје
ОНЕ Телекомуникациски услуги ДОО Скопје
Осигурување Македонија АД Скопје
Подравка ДООЕЛ ,Скопје
ПроКредит Банка
Роу и Рифајнд Комодитис ДООЕЛ, Скопје
Рош Македонија
Соравиа Инвест
ТАВ Македонија ДООЕЛ, Петровец
ТЕ-ТО АД Скопје
Тиккурила ДООЕЛ, Скопје
Универзал медиа ДООЕЛ Скопје
ФД Фактор Труст ДООЕЛ Скопје
Фондација Отворено Општество-Македонија, Скопје
Фукс Мак
Хабитат Македонија
Халк Банка АД Скопје
Џонсон Мети ДООЕЛ, Скопје
Штедилница Можности ДОО Скопје

*Напоменуваме дека кај дел од погоренаведените субјекти беше извршена само законска или само договорна ревизија, додека кај одредени субјекти беше извршена и законска и договорна ревизија.

© 2016 КПМГ Македонија ДОО, македонско друштво со ограничена одговорност и фирма-членка на КПМГ мрежата на независни фирми-членки кои се асоцирани со КПМГ Интернешнал Кооператива ("КПМГ Интернешнал"), швајцарско правно лице. Сите права се задржани.

KPMG

# Прилог 2

**Изјава на Раководството на КПМГ Македонија ДОО Скопје за политиката на континуирано професионално усовршување на овластените ревизори и останатите вработените**

Раководството на КПМГ Македонија ДОО Скопје потврдува дека во текот на 2015 година ја применуваше политиката на континуирано професионално усовршување на овластените ревизори и останатите вработени преку извршување на соодветни технички обуки.

Воедно, Раководството изјавува дека овластените ревизори во Друштвото кои се членови на Институт на овластени ревизори на РМ учествуваат во годишната обука и се во согласност со барањата од членот 28 од Законот за ревизија за минимум часови на континуирана обука.

Во име на КПМГ МАКЕДОНИЈА ДОО Скопје

Управител Гордана Никушевска

© 2016 КПМГ Македонија ДОО, македонско друштво со ограничена одговорност и членка на КПМГ мрежата на независни фирми членки поврзани со КПМГ Интернешнал Кооператив („КПМГ Интернешнал"), швајцарско правно лице. Сите права се задржани.

KPMG

# Прилог 3

**Изјава на Раководството на КПМГ Македонија ДОО Скопје за ефективноста на контролите за квалитет и независност**

Раководството на КПМГ Македонија ДОО Скопје потврдува со разумно ниво на увереност дека системите за контрола на квалитетот во рамки на нашето Друштво функционираа ефективно во годината завршена на 31 декември 2015 година.

Воедно, Раководството на КПМГ Македонија ДОО Скопје изјавува дека постојат интерни процедури за проверка на усогласеноста на независноста на КПМГ Македонија ДОО Скопје и сите вработени во КПМГ Македонија ДОО Скопје, и дека овие процедури доследно се спроведени.

Во име на КПМГ МАКЕДОНИЈА ДОО Скопје

Управител Гордана Никушевска

Друштво за ревизија КПМГ МАКЕДОНИЈА ДОО Скопје

© 2016 КПМГ Македонија ДОО, македонско друштво со ограничена одговорност и фирма-членка на КПМГ мрежата на независни фирми-членки во асоцијација со КПМГ Интернешнал Кооператив („КПМГ Интернешнал“), швајцарско правно лице. Сите права се задржани.

KPMG

# Вредности на КПМГ

Луѓето во КПМГ работат заедно за да испорачаат вредност на клиентот. Ние силно веруваме во заеднички вредности на кои се потпира нашето однесување кога се справуваме и со клиентите и меѓу себе:

**Ние водиме преку пример.**

На сите нивоа ние работиме на начин кој јасно покажува што можеме да очекуваме еден од друг и од сите наши клиенти.

**Ние работиме заедно.**

Ние го даваме најдоброто од себе и градиме успешни работни односи.

**Ние ја почитуваме личноста.**

Ние ги почитуваме луѓето за она што се, за нивното знаење, вештини и искуство како личности и како дел од нашиот тим.

**Ние бараме факти и даваме увид.**

Преку преиспитување на претпоставките и барање на фактите, ние ја градиме нашата репутација на давање увид како доверливи и објективни деловни консултанти.

**Ние сме чесни и отворени во нашата комуникација.**

Ние навремено и конструктивно ги споделуваме нашите информации, знаења и совети и сме храбри и искрени во справување со тешките ситуации.

**Ние сме посветени на нашите заедници.**

Ние постапуваме како одговорни корпоративни граѓани и ги прошируваме своите вештини, искуство и перспективи преку работа во нашите заедници и заштита на околината.

**Пред се, ние постапуваме со интегритет.**

Ние се стремиме постојано да се придржуваме до највисоките професионални стандарди и да даваме добри совети и строго да се придржуваме кон барањата за независност.

© КПМГ Македонија ДООЕЛ [illegible]

KPMG

**КПМГ Македонија ДОО Скопје**

Филип Втори Македонски 3

Соравиа Центар Скопје, 7 кат

1000 Скопје, Република Македонија

Тел.: + 389 (2) 3135 220

Факс: + 389 (2) 3111 811

**mk-office@kpmg.com**

**kpmg.com/mk**

Презентираните информации се од општа природа и не се наменети за потребите на одредено лице или претпријатие. И покрај нашите настојувања да обезбедиме точни и навремени информации, не постои гаранција дека таквата информација е точна во моментот кога истата е примена, ниту пак дека ќе биде точна во иднина. Врз основа на презентираните информации не треба да се преземаат конкретни чекори без добивање на соодветен професионален совет базиран на темелно испитување на дадената ситуација.

© 2016 КПМГ Македонија ДОО, македонско друштво со ограничена одговорност и фирма-членка на КПМГ мрежата на независни фирми-членки се асоцирани со КПМГ Интернешнл Кооператив ("КПМГ Интернешнл"), швајцарско правно лице. Сите права се задржани.

Името и логото на КПМГ се регистрирани заштитени знаци или заштитени знаци на КПМГ Интернешнл.